**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 43-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 11.01.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Луција Ѓурковиќ, Огнен Недековски, м-р Арбен Саити, Цветанка Митревска, м-р Ивона Муфишева Алексовска, Милаим Абдураими, Арѓенд Џелили, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 43-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски објасни дека на седницата ќе се разгледува Предлог-записникот од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.12.2017 година, кој беше одложен заради обемноста на дискусијата и неможноста да се изработи поради краткиот временски период. Во врска со присутноста на членовите на Советот на седницата, информира дека е отсутен г-дин Трајчев кој по најавувањето на датумот на оваа седница, по електронска пошта информирал дека се наоѓа во странство и дека нема можност на овој термин да се врати во Македонија.

**Точка 1**

Советот го разгледа предложениот Записник од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.12.2017 година.

Г-дин Фиданоски рече дека според негово мислење записникот е во ред иако во текстот има ситни правописни недоследности, но со оглед дека е премногу обемен тие немаат никакво влијание на суштината на записникот и затоа за него е прифатлив.

Советот едногласно го усвои предложениот Записник од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.12.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Бр.** 02-319/2
24.01. **2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**